**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ**
**„ПАВЕЛ ШАТЕВ“**

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТАТА НА АКАДЕМИЈАТА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ „ПАВЕЛ ШАТЕВ“ ЗА 2022 ГОДИНА

Скопје, април 2022 година

# СОДРЖИНА

I. ПРЕДГОВОР ..... 3
II. СТРАТЕШКИ ПЛАНОВИ И РАЗВОЈНИ ПРАВЦИ ..... 4
1. Законска рамка и стратешки насоки ..... 4
2. Просторни капацитети ..... 6
3. Внатрешна организација и човечки ресурси ..... 7
4. Почетна обука ..... 8
5. Континуирана обука ..... 9
6. Соработка со домашни и со странски партнери ..... 13
7. Информатички технологии (IT) ..... 29
8. Одржување и редовно ажурирање на веб-страницата ..... 30
9. Библиотека ..... 30
10. Буџет и инвестиции ..... 31

# I. ПРЕДГОВОР

Европската комисија, презентирајќи ја својата нова стратегија за правосудната обука за периодот од 2021 до 2024 година, истакна дека обуката на судиите и јавните обвинители останува приоритет на агендата на Европската Унија. Истовремено, беа посочени предизвиците со кои ќе се соочат токму институциите што се задолжени за спроведување на правосудната обука, како и новите развојни компоненти во областа на експонецијалната дигитализација на општествата и во областа на заштитата на човековите права. Неопходно е унапредување на обуката во делот на правото на ЕУ, преку проширување и интервенција во однос на темите, професиите, како и преку адресирање на новите предизвици и поставување нови цели од 2021 до 2024 година. Правните практичари треба да бидат оспособени за брза адаптација на новиот развој во областа на правото на ЕУ. Оттука, многу е важно да се изнајде флексибилен одговор на потребите што произлегуваат од правото на ЕУ. Почитувањето на владеење на правото е круцијално за ефективната примена на правото на ЕУ и за јакнењето на заемната доверба помеѓу земјите членки на ЕУ и нивните судски власти. Имајќи ги предвид насоките и препораките во областа на правото и спроведувањето на правдата, што доаѓаат од страна на ЕУ, Академијата за судии и јавни обвинители ја дизајнираше својата Програмата за работата за 2022 година, којашто опфаќа низа активности со кои ќе се постигнат целите што се зацртани во важните извештаи на релевантните тела и институции на ЕУ.

Имено, Програмата за работа на Академијата се носи секоја година и истата се потпира на стратешката цел на Академијата – да обезбеди професионално, независно, непристрасно и ефикасно извршување на судиската и јавно обвинителската функција, како и стручно и ефикасно извршување на работите на стручните служби во судството и јавното во обвинителство. Развојот на стратегиите преку планираните активности ќе продолжи да се следи и остварува и во 2022 година, а ќе се води сметка нивната реализација да се одвива во согласност со современите меѓународни принципи и стандарди, истовремено усогласени со потребите на националните судии и јавни обвинители. Исто така, во моментот на донесување на Програмата, во подготовка е изработка на нова Стратегија за правосудниот сектор.

# II. СТРАТЕШКИ ПЛАНОВИ И РАЗВОЈНИ ПРАВЦИ

## 1. Законска рамка и стратешки насоки

Во тековната 2022 година се очекува да биде усвоен новиот Закон за Академијата за судии и јавни обвинители, кој во моменот на изготвување на Програмата е сѐ уште во собраниска процедура.

Управниот одбор на Академијата ќе работи на усогласувањето на подзаконските акти со кои се регулираат внатрешната организација и начинот на вршење на дејноста на Академијата (почетната, континуираната обука и други прашања).

Академијата за судии и јавни обвинители (во натамошниот текст АСЈО) и во наредниот период посветено ќе работи на имплементацијата на стратешките цели и насоки што се предвидени во Стратегијата, преку реализација на мерките и активностите што се предвидени во Акцискиот план за спроведување на Стратегијата, а кои се поврзани со дејноста на Академијата:

- Зајакнување на системот за континуирана едукација на судиите, судиските соработници, јавните обвинители и нивните соработници;
- Подготовка на судиите и јавните обвинители за функционирање во единствениот европски простор на правда и за доследна примена на Европската конвенција за човековите права и на другите меѓународни конвенции за човековите слободи и права;
- Изедначување на судската пракса преку зголемен обем на обуки на судиите во рамките на АСЈО за анализа на објавените судски одлуки;
- Редовни обуки на судиите и јавните обвинители заради правилно толкување и имплементација на новите закони или измените и дополнувањата на законите, по нивното донесување;
- Утврдување мерливи и објективни критериуми за процена на знаењата како во теоретска така и во практична настава;
- Кадровско и техничко доекипирање на АСЈО, проследено со обезбедување соодветни просторни услови;
- Спроведување опсежна анализа на потребите за обуки на целните групи. За реализација на оваа цел, Академијата со допис се обрати до судовите, обвинителствата, ССРСМ, СЈОРСМ и до бројните институции, организации, комори, невладини организации со кои соработува, со барање да достават предлог-теми коишто се актуелни и за кои сметаат дека целните

групи имаат најголем интерес и потреба. Доставените предлози се сумирани во еден документ и претставуваат основа за подготовката на програмите за обука, а потоа и на годишните каталози за обуки;

- Во делот на буџетското и финансиското управување во правосудните институции, имплементацијата на мерката за зајакнување на капацитетите за буџетско планирање и финансиското управување преку континуирани обуки во рамките на АСЈО;

- Зајакнување на капацитетите на правосудниот сектор и на другите надлежни органи што се вклучени во системот за правда за децата преку обуки во рамките на Академијата, заради соодветна имплементација на Законот за правда за децата со применет интердисциплинарен пристап;

- Јакнење на капацитетите на правосудниот сектор за меѓународна соработка во кривичната и граѓанската материја преку обуки во рамките на Академијата;

- Продолжување на соработката со домашните и странските граѓански организации, кои работат во областа на правосудството, посебно со оние во чии фокус се човековите права и слободи;

- Обуки за предавачи во почетната и во континуираната обука со фокус на начелата за учење на возрасни; потоа, методи, техники и алатки за правилно осмислување и спроведување на обуките, за да се обезбеди ефикасен процес на едукација; подготовка на курикулум за обуките и последователни активности по завршената обука како подготовка на прашалник за постевалуација односно за оцена на ефектот од спроведената обука;

- Поттикнување на е-учењето помеѓу целните групи преку развојот на модули и алатки за е-учење и со засметување на учеството во е-модулите во задолжителната континуирана обука, преку новата електронска платформа за учење на далечина на Академијата, која нуди многу можности како што се: логирање на сите корисници со свои посебни профили, прегледи за поминатите денови на обука, поголем број интерактивни содржни што ќе содржат и тестови за проверка на знаењата за кои ќе се доделуваат и сертификати. ***Со оглед дека пандемијата го наметна учењето на далечина како единствена алатка за ефикасно спроведување на обуки и едукативни настани, Академијата акцентот на своето дејствување го стави токму на користењето на сите расположливи алатки од новата платформа. Истовремено, ги разгледуваше сите можности за унапредување на истиот***

***сѐ со цел судиите и јавните обвинители полесно да пристапат до обуките што ги нуди Академијата.***

- И на соодветни прирачници и  на други материјали за обука на целните групи вклучително и собирање и анализа на домашната, странската и меѓународната јуриспруденција, на применети научни трудови и на други корисни публикации.

## 2. Просторни капацитети

Примарна стратешка цел на Акдемијата, е кадровското и техничкото доекипирање со обезбедување соодветни просторни услови, чија реализација е од особена важност за нејзино ефикасно функционирање. Во Акцискиот план за спроведување на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор запериодот од 2017 до 2022 година, е предвидена мерката „Изградба на нови просторни услови“ што континуирано се спроведува од почетокот на 2019, па до 2022 година.

Просторните капацитети во кои е сместена Академијата се покажаа како несоодветни, неадекватни и недоволни за реализација на нејзите цели и задачи, заради што во изминатите години Академијата се залагаше за решавање на овој проблем во рамките на соработка со правосудните институции и со Министерството за правда. Станува збор за старо-нов предизвик со кој Академијата ќе се соочи и во 2022 година, особено поради тоа што Академијата се подготвува за стартот на досега најголемата генерација во почетна обука, составена од вкупно 97 слушатели. Тоа значи дека Академијата ќе се соочи со големи проблеми при организирањето и на континуирана обуката, што исто така претставува дел од дејноста на институцијата. Затоа, ќе треба да се изнајдат привремени решенија за излез од состојбата, бидејќи за новите 97 слушатели треба да се обезбедат соодветни простории и  услови за непречено следење на теоретската настава.

Динамиката на предвидените активности во рамките на континуиранатa и почетната обука, бројот и типот на настаните, и користената методологија бараат адекватни простории, пред сѐ, заради нивна поуспешна и поквалитетна реализација. Надминувањето на проблемот со неадекватните просторни услови е од исклучителна важност и не трпи одложување.

Со сегашните просторни капацитети, Академијата не е во состојба да ја оствари законската обврска за прием на бараниот број слушатели од новата генерација во почетна обука, што е определен со Одлуките на ССРСМ и СЈОРСМ. За да ја следат настава во една група, ургентно треба да се изгради нова зграда што би имала соодветен простор и капацитет за непречено реализирање на основната дејност на Академијата – спроведување почетна обука за слушателите за идни судии и јавни обвинители и континуирана обука за веќе избраните судии и јавни обвинители.

И покрај фактичката состојба со која се соочува Академијата, а за која алармира веќе подолг временски период, Академијата ќе ги направи сите напори да ги оствари барањата на советите и да ја реализира програмата за почетна обука, секако во согласност со своите моментални можности, а истовремено ќе работи на изнаоѓање побрзо и поефикасно решение за постоечкиот проблем.

Дополнителен проблем претставува и недостигот на простории за изведување  вежби во судница, за работа во помали групи. Нема доволно простор и за библиотека што би била придружена со простор за учење. Сето ова е предвидено во новата зграда на Академијата, што е неопходно да се изгради.

## 3. Внатрешна организација и човечки ресурси

Во текот на 2022 година,  Академијата како и досега ќе продолжи да ги почитува законските обврски што произлегоа од Законот за административните службеници и од Законот за вработените во јавниот сектор, поврзани со човечки ресурси.

Кадровското доекипирање е исто така стратешка цел чија реализација е од особена важност за ефикасното функционирање на Академијата. Во минатото Академијата се соочуваше со одлив на кадри и со неможност да ги пополни испразнетите работни места. Од 2019 година па до денес, Академијата успешно реализираше повеќе вработувања, но и понатаму има недостиг од раководен кадар. Затоа, во 2022 година ќе се унапредат дел од постојните кадри кои покажале успех и посветеност во изминатите 15 години.

Во согласност со измените во  Колективниот договор од 2019 година, Академијата и во 2022 година ќе продолжи да се залага за поголеми

бенифити на вработените во насока на нивна стимулација, како основна цел на извршените измени, пред сè имајќи го предвид фактот дека за тековната 2022 година и покрај предвидените унапредувања, сепак дел од вработените нема да бидат опфатени.

И во 2022 година, важен сегмент во функционирањето на Академијата ќе преставува надградувањето на вештините на вработените. Тие ќе продолжат и со учество на обуки преку системот за управување со учење, имплементиран од Министерството за информатичко општество и администрација, а чијашто цел е развојот на општите и на посебните работни компетенции на административните службеници.

Раководните органи и стручната служба, заради спроведување на планираните активности за 2022 година, ќе продолжат со извршувањето на обврските коишто произлегуваат од членството во одделни работни групи.

## 4. Почетна обука

Во моментот на донесување на Програмата, управната постапка по жалбите од кандидатите е завршена и се очекува донесување на конечната ранг-листа на слушатели во почетна обука за новата осма генерација.

Во текот на декември 2022 година слушателите на почетната обука од седмата генерација ќе завршат со реализирањето на практичната настава по што ќе се спроведе полагањето на завршниот испит и објавувањето на листата на кандидати за судии и јавни обвинители.

Во рамките на соработката со правосудната академија на Турција, за слушателите на седмата генерација предвидени се три студиски посети во Турција.

По донесувањето на новиот Закон за Академијата за судии и јавни обвинители и по предвидените промени во начинот на спроведувањето на примениот испит и на реализирањето на теоретската и практичната обука, ќе се пристапи кон измени на подзаконските акти во делот на почетната обука.

## 5. Континуирана обука

Континуираната обука е најопсежниот сегмент од работењето на Академијата и ги опфаќа целните групи во трите главни програми за обука, и тоа: општата програма за задолжителна континуирана обука, специјализираната програма за задолжителна континуирана обука и специјализираната програма за доброволна континуирана обука.

Во 2022 година, како и досега, основната обврска на Академијата е да го реализира Планот на обуки за оваа година. Овој план е изготвен врз основа на спроведената сеопфатна методологија за оцена на актуелните потреби за обука, во тесна соработка со претседателите на судовите, со јавните обвинители, со ССРСМ и СЈОРСМ, за да се креираат програми што ќе одговорат на потребите на потесно определените целни групи, како од аспект на правните подрачја и на темите што ќе бидат опфатени со програмите, така и од аспект на методологија на обучување, со тоа што стекнатите знаења и вештини ќе бидат применливи во секојдневното извршување на работните обврски и во практицирањето. При креирањето на Планот на обуки се земаат предвид и обврските што произлегуваат од функционалната анализа што беше изготвена од страна на Центарот за правни истражувања и анализа со поддршка на Амбасадата на Велика Британија, НПАА, од Извештајот на ЕК за напредокот на РСМ и од обврските што произлегуваат од извештаите на другите меѓународни организации и мониторинг-механизми на планот на обуката, заради натамошно унапредување на професионалноста и стручноста на домашното правосудство, како гарант на начелото за владеење на правото и за заштитата на човековите права и слободи. Исто така, за ефикасната реализација на обуките и на наставните содржини, посебно значење има истражувањето што го спроведе Мисијата на ОБСЕ со кое беше опфатено целокупното работење на Академијата. Увидот во годишните извештаи за работата на судовите и обвинителствата овозможува да се лоцираат областите во кои има најголема потреба од обука, потоа се земаат предвид и промените во материјалното и во процесното законодавство, сумираните резултати од евалуацијата на прашалниците и предлозите од предавачите.

Во рамките на унапредувањето на програмите за едукација, посебен акцент ќе се стави на обуките за практична примена на правото на ЕУ, на меѓународното право, особено на конвенциите, со фокус на примената на

Европската Конвенција за човекови права, потоа на подигнување на нивото на способностите за правно образложување и правно аргументирање на одлуките и на техниките на пишување на истите и за користење на стандардите на ЕСЧП при аргументација на одлуките. Истовремено, содржините на обуките ќе се однесуваат и на останати теми кои се идентификувани како приоритетни во рамките на ЕУ, како што се на пример медијацијата, заштитата на животната средина, детската правда итн.

Еден од приоритетите на Академијата за 2022 година е подобрување на системот за подготовка и организација на континуираната обука. Заради зголемување на ефикасноста на обуката, Академијата ќе продолжи со употреба на стандардизираните обрасци на програмите за обуки и за воведување на постојани едукаторски тимови што ќе ги креираат материјалите за посебните области заради ефикасност на обуките. Подобрувањето ќе се однесува и на изготвување на материјалите за обука при што ќе се води сметка за собирање и анализа на јуриспруденцијата, на применети научни трудови и на други корисни публикации наменети за учесниците на обуките.

Во насока на унапредување на вклученоста на судската практика во наставните планови на Академијата, ќе продолжи практиката на организирање тркалезни маси со учество на Врховниот суд на РСМ и на апелациските судови за разгледување одделни прашања од кривичната и од граѓанската област, заради изедначување на судската практика во однос на истите. За таа цел, учеството на предавачи од судовите и од обвинителствата од овие повисоки инстанции ќе има големо значење, заради презентација на судската практика и за изработка на квалитетни наставни материјали.

Соработката со двата совета во правец на утврдување на индивидуалните потреби за обука и за усовршување на секој судија и обвинител, ќе има голема важност, особено со оглед на резултатите од годишната евалуација и оцена на нивната работа, а заради унапредување на нивните знаења во оние сегменти каде што има потреба од подобрување на квантитетот и квалитетот на работењето.

Понатаму, ќе се унапредува веќе воспоставената практика на заеднички обуки со другите правни професии, како и со сите целни групи што ги спроведуваат законите од областа на правосудството: адвокати, нотари, медијатори, извршители, претставници од Министерството за правда, од Царинската управа, од Управата за јавни приходи, од ДКСК итн. Воедно, ќе

продолжи и соработката со меѓународните организации коишто ја имплементираат меѓународната регулатива, каде што е потписник Репбулика Северна Македонија.

Исто така, во насока на унапредување на континуираната обука, во текот на 2022 година планирано е да се преземат следниве активности:

- *Унапредување на системот за процена на потребите за обука* (со помош на сите чинители во правосудството, особено со учество на повисоките судови и обвинителства) за дизајнирање на потребите за обука, што ќе произлезат од конкретните потреби со оглед на бројот на предметите, бројот на укинати и преиначени одлуки во одделна област итн., и преку автоматизација на оценувањето на потребите за обука преку онлајн прашалници и со софтвер за нивна обработка.
- *Унапредување на системот за контрола на квалитетот на обуките*; собирање компаративни искуства од другите тренинг-институции за системот на оцена на ефикасноста на обуките и избор на најадекватен модел со оглед на националните состојби во правосудството, заради воведување прашалници за оцена на ефектот од обуките и замавтоматизирање на истото, преку онлајн прашалници и со софтвер за нивна обработка.
- *Развивање и унапредување на модулите за обуки на обучувачите, на предавачите и на менторите*, во насока на унапредување на наставна методологија и на квалитетот на наставните материјали, во согласност со најновите концепти на модерните школи за обука во Европа.
- *Развивање на системот за е-учење* за судиите, јавните обвинители, за судската и јавнообвинителската администрација.
- *Зголемување на бројот на едукатори по региони*, особено од редот на судиите и обвинителите од повисоките инстанции.
- *Здружување со другите академии од регионот за заеднички активности,* за размена на експерти и за остварување на заеднички тематски активности.
- *Изнаоѓање на, и ангажирање во проекти* за развој на капацитетите на Академијата за вршење аналитички истражувачки работи за потребите на правосудството.
- *Натамошно јакнење на соработката со сродни странски институции и мрежи* и создавање услови за подолготрајни студиски престои на судиите и јавните обвинители и за извршување практика во ЕСЧП во Стразбур и ЕСП во Луксембург.

- *Натамошно унапредување на воспоставената соработка на Академијата со комориte на адвокатите, извршителите, нотарите и др.* (медијаторите и стечајните управници) заради хармонизирање на некои од наставните планови и курсеви, со кои се опфатени целните групи од правосудството и членовите на наведените комори.
- *Подобрување на наставните планови и на програмите за континуирана обука* на судиите и јавните обвинители со фокус на теми што се значајни за *практиката*, за изучувањето на судската практика како извор на правото, особено за практиката на ЕСЧП, за аргументацијата на пресудите, за вештините што се неопходни на судењата (техники на испитување, вклучително и техниките за соработка со деца, професионална етика, психологија).
- *Проширување и подобрување на наставните планови и програми* за континуирана обука на *судската и на јавнообвинителската администрација.*
- Спроведување проект за начинот на *правната аргументација на судските одлуки.*
- Воведување *континуирани обуки* за усовршување на вештините *за ИТ* на сите *целни групи на Академијата*.
- Унапредување на програмата за *раководните структури во судството и во обвинителството* со фокус на суштинските прашања за раководењето со правосудните институции, на управувањето со работата, на етичките и дисциплинските прашања, на буџетското, материјалното и финансиското работење.

Особена важност има зголемувањето на бројот на обуки и подготовката на материјали за истите, од областа на европското и на меѓународното право и посебно од областа на човековите права и на праксата на двата најголеми Европски судови. Заради постигнување висок квалитет на овие обуки, Академијата и понатаму ќе настојува да обезбедува поголем број странски предавачи од највисок ранг, конкретно од овие области (судии и јавни обвинители, судии на меѓународните судови, угледни професори, но и истакнати експерти од соодветната област).

Заради ефектуирање на стекнатите знаења и искуства за време на студиските престои и конференции во странство, од учесниците на овие настани ќе се очекува повратно да ги презентираат научените лекции и компаративните искуства кон домашното правосудство, а со тоа, од овие здобиени материјали и знаења да имаат продобивки што поширок круг лица.

## 6. Соработка со домашни и со странски партнери

Соработката со домашните и со странските партнери на Академијата има исклучително важна улога за работењето и за остварувањето на мисијата и визијата на Академијата. На ова поле, и во 2022 година, Академијата ќе ги продоложи успешно воспоставените соработки, но ќе направи напори да се вклучи и да партиципира во што повеќе нови активности кои секако ќе бидат од интерес за државата и за правосудниот систем во Република Северна Македонија.

Академијата во 2020 година потпиша меморандум за соработка со Институтот за европска политика, со Комората на медијатори на РСМ и со Холандската федерација на медијатори, за реализација на проектот насловен „Медијација, без дилема!“ кој е финансиран од Амбасадата на Кралството на Холандија во Скопје. И во 2022 година продолжува реализацијата на едукативните настани со кои ќе се промовира медијацијата како алтернативно решение во решавањето на споровите и ќе се влијае на промената на перцепцијата на граѓаните на Северна Македонија за користењето на придобовиките од медијацијата. Предвидени се обуки, советувања, конференции и промотивни настани чија крајна цел е заживување на медијацијата во нашата земја.

Новите трендови во говорот на омраза и мерките за нивна превенција, како и дигитална безбедност се теми што ќе бидат застапени и во 2022 година. Акдемијата ќе вложи посебни напори да се организираат и обуки на овие теми, во соработка со новинарските здруженија, како и со вклучување на Судско-медиумскиот совет со кого Академијата исто така има потпишано и меморандум за соработка.

Академијата ќе ја продолжи и ќе ја унапредува и понатаму соработката со сите институции со кои непосредно соработува, особено со Врховниот суд на РСМ, со Јавното обвинителство на РСМ, со Судскиот совет на РСМ, со Советот на јавните обвинители на РСМ и Министерството за правда, со Здружението на судиите и со Здружението на јавните обвинители, со Здружението за кривично право и криминологија, со Здружението на новинарите и со Македонската асоцијација на новинарите, потоа соработка со граѓанските организации и со цивилното општество. Оваа година, особена

важност ќе има и унапредувањето на соработката со Вишиот управен суд, со Управниот суд и со апелациските судови и вишите јавни обвинителства, во насока кон успешна реализација на децентрализираната обука и спроведување тркалезни маси за да се унапреди усогласувањето на судско-обвинителската практика.

Академијата континуирано ги следи мислењата и препораките на Венецијанската комисија во однос на сите нови закони што се донесени во нашата држава, па во согласност со тоа ги приспособува програмите на Академијата за почетната и континуираната обука.

Исто така, во 2022 година ќе се развиваат и унапредуваат специјализираните програми за обука на судовите од повисоките инстанции – тркалезни маси за апелациските судови и Врховниот суд на РСМ, за вишите јавни обвинителства, за Јавното обвинителство на РСМ и за Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција, за претседателите на судовите и за јавните обвинители на јавните обвинителства, на Вишиот управен суд, Управниот суд, за Судскиот совет и Советот на јавните обвинители, како и за Судско-буџетскиот совет. Дел од овие обуки ќе се реализираат и во соработка со нашите странски партнери и поддржувачи, посебно во делот за управното судство каде што веќе се предвидени обуки во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје и УНХЦР.

Преку организирање заеднички и мултидисциплинарни обуки, со учество на предавачи и учесници од соодветни профили, ќе продолжи соработката со Адвокатската комора, со Нотарската комора, со Комората на извршители, со Комората на медијаторите и со другите институции, со професионалните организации, првенствено со Здружението на судиите и со Здружението на јавните обвинители на РСМ и со невладиниот сектор, со кои судиите и обвинителите остваруваат соработка на планот на спроведување на одделните закони.

Воедно, Академијата ќе работи на реализацијата на обврските од склучените меморандуми со голем број домашни институции, како: Центарот за обука при МВР на РСМ, Управата за јавни приходи, Комисијата за заштита од дискриминација, Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, и другите министерства, државни инстититуции, правните факултети, заради промовирање на улогата и

дејноста на Академијата во изборот на професијата и за привлекување на најдобрите студенти во правосудната професија.

Во 2022 година ќе продолжи и континуиранаата обука на судските и на јавнообвинителските службеници, во согласност со Рамковната програма и со Годишниот каталог за обука за овие целни групи, изработен во тесна соработка со Здружението на судска администрација, со Советот на судската служба и со Јавното обвинителство на РСМ, при изборот на предавачите и темите.

Академијата, со особено внимание и во 2022 година ќе го следи развојот и унапредувањето на соработката со другите школи, во сите сегменти што се од заеднички интерес, а особено преку размена на законски и подзаконски акти, со размена на учесници, предавачи, ментори, со испраќање судии и јавни обвинители на студиски посети, и особено преку обезбедување можност за подолготрајни престои во Европскиот суд за човекови права.

- **Во текот на 2022 година продолжува воспоставената соработка со странските партнери и проекти во насока на организирање обуки на разни теми од правни области, и тоа со:**
  - Советот на Европа;
  - JUFREX 2
  - iPROCEEDS- 2
  - TWINING
  - DCAF
  - AIRE
  - Европскиот институт за судии и правници од Луксембург - ЕИПА
  - Мисијата на ОБСЕ во Скопје
  - Германската фондација за меѓународна правна соработка (ГИЗ)
  - ИРЗ; Регионалниот совет за соработка (RCC)
  - ОПДАТ, ИНЛ, ИЦИТАП, Амбасадата на САД во Република Северна Македонија, УНИЦЕФ
  - УНХЦР
  - Амбасадата на Р. Франција
  - Амбасадата на Обединетото Кралство

- Амбасадата на Кралството Холандија
- Амбасадата на Шпанија

- **Германско друштво за меѓународна соработка – ГИЗ**

ГИЗ е дологодишен поддржувач на работата на Академијата и партнер со кој Академијата успешно реализира голем број на активности кои се од значење за унапредувањето на вештините и знаењата на судиите и јавните обвинители. Оваа соработка ќе продолжи и во 2022 година, преку реализација на нови едукативни настани посветени на актуелни правни теми.

- **Совет на Европа**

Академијата ја продолжува соработка со Советот на Европа и ЕУ преку реализација на повеќе проектни активности со кои ќе ги приближи европската легислатива и меѓународните стандарди до правните професионалци на Северна Македонија.

- **Програма ХЕЛП**

Академијата активно учествува во Програмата ХЕЛП, чија цел е интегрирање на ЕКЧП и на јуриспруденцијата на ЕСЧП во редовните програми за обука на судиите и јавните обвинители во сите 46 земји членки. Во рамките на оваа програма, особено е значајно што Академијата започна со дизајнирање на македонска веб-страница за далечинско учење за оваа област. Академијата, ќе продолжи со досегашната пракса на активна вклученост во реализацијата на онлајн курсевите со Програмата ХЕЛП на Советот на Европа, кои во 2022 година, преку кои покрај обуки за слободата на изразување и слободата на медумите, ќе се реализираат и обуки на други важни теми од областа на правото за кои е проценето дека националните правни практичари имаат потреба.

Во 2022 година, АСЈО продолжува со реализација на бројни активности што се однесуваат на обуки за човековите права преку користење на алатките ХЕЛП за електронско учење на Советот на Европа.

- **Проект JUFREX 2 „Слобода на изразување и слобода на медумите во Северна Македонија“**

Академијата за судии и јавни обвинители Павел Шатев во 2022 година ќе ја продоложи поддршката на реализацијата на активностите што се предвидени со проектот JUFREX 2 кој е дел од „Хоризонталниот инструмент за Западен Балкан и Турција-фаза II“ (2019-2022), и е надградба на резултатите што се постигнати во претходната, регионална, заедничка програма на ЕУ/Советот на Европа „Зајакнување на судската експертиза за слободата на изразување и за медиумите во Југоисточна Европа (JUFREX)“. Имено, директорката на Академијата е член на Управниот одбор на овој проект, па оттука и вклученоста на Академијата е целосно насочена кон успешно заокружување на целта на проектот, а тоа е создавање линкови во соработката на сите независни тела кои работат на полето на слободата на изразување, како на пример: судовите, јавните обвинителства, независниот регулатор на медиуми како и граѓанскиот сектор. Предвидена е реализација на обуки и обуки на обучувачи за слободата на изразување и за безбедноста и заштитата на новинарите и на медумиските работници. Со овие обуки, покрај судиите и јавните обвинители, ќе бидат опфатени и преставниците на медумите и адвокатите.

- DCAF

Во 2022 година Академијата, ги продолжува своите активности во рамките на соработката со DCAF, фокусот особено ќе биде насочен кон активностите што прозлегуваат од меморандумот за соработка кој беше потпишан во 2021 година. Имено, во согласност со иницијалните клучни поенти, договорена е реализација на следново: изработка на предметна програма/курикулум за обуки за континуирано образование за судии и јавни обвинители; изработка и промоција на Прирачник за обучувачи; организирање обука за обучувачи; вклучување на обуките за континуирано образование во каталогот за континуирана обука на Академијата; вклучување на обуки за имплементирање на мерките за следење на комуникациите во програмата за регуларно обучување на слуштелите за судии и јавни

обвинители; организирање еднодневни или дводневни обуки за континуирано образование; организирање 3 настани за промоција на Прирачникот по апелациони подрачја.

- **ЕИПА**

Соработката помеѓу Академијата и Европскиот институт за судии и правници од Луксембург, ќе продолжи и во 2022 година преку реализација на заеднички обуки со нивни експерти на одделни теми од правото на ЕУ, како и преку обуки за јакнење на капацитетите на Академијата, а воедно е предвидена и реализација на студиски посети. Предвидени се следниве обуки: Заштита на податоци на ЕУ за судии и јавни обвинитиели; Интеракција помеѓу единствениот пазар на ЕУ и принципите и правилата на конкуренцијата; како и Развој на наставните програми на ЕУ за обуките од правните области за судии и јавни обвинители. Исто така, во рамките на Отворениот каталог за обуки на ЕИПА, ќе продолжи и учеството на судии и јавни обвинители на обуки во Луксембург, без котизација и со целосна финансиска поддршка на ЕИПА.

- **iPROCEEDS 2- регионален проект за изградба на капацитети за борба против криминал преку интернет**

Во 2022 година продолжува соработката со Регионалниот проект за изградба на капацитети за борба против криминал преку интернет, со отпочнување на нов проект во чии рамки ќе се реализираат проектни активности посветени на компјутерски криминал, кои ќе бидат дополнително дефинирани во тековната година.

- **Проектот TWINNING за јакнење на институционалните капацитети на истражувачките центри**

Академијата за судии и јавни обвинители како дологодишен партнер на телата на ЕУ преку кои се реализираат голем број проекти од суштинско значење за правосудството ќе биде вклучена и во реализацијата на овој проект. Имено, во заедничка соработка со проектот и со релавантните институции предвидено е да се организираат обуки со кои ќе бидат

опфатени јавните обвинители, експертите, истражителите и релевантните претставници на Министерството за внатрешни работи. Реализацијата на овие обуки започна во февруари во 2022 година. Во следниот период предвидени се обуки за истражителите и за јавните обвинители посветени на финансиските истраги и на посебните истражни мерки, додека до крајот на 2022 година предвидено е да се реализираат и обуки за конфискација и за одземање имотна корист. Активностите ќе продоложат до крајот на 2022 година, преку реализација на обуки со кои ќе се обработуваат кривичните дела што се поврзани со јавните набавки, со меѓународните трансакции, со паричните текови на интернет и со перењето пари, а истите ќе бидат наменети за истражителите. Завршните две дводневни обуки ќе бидат посветени на кривични дела во кои се појавуваат и заштитени сведоци, а истите ќе бидат во линија со препораките на проектот WINPRO.

- **ЦПИА – Центар за правни истражувања и анализи**

Во 2022 година Академијата во соработка со Центарот за правни пребарувања и анализи (ЦПИА) со поддршка на Амбасадата на Велика Британија, повторно ќе ги организира средбите посветени на хармонизација на судската пракса на четирите апелациони судови и ВСРСМ. Имено, на средбите кои генерално се наменети за претседателите на судовите, ќе се дискутира за поднесените правни прашања од кривична и од граѓанска област. Во согласност со предвидената динамика, ќе бидат организрани повеќе средби по апелациони подрачја. Во рамките на соработката со ЦПИА, во 2022 година Академијата продолжува со организација на редовни, периодични работни средби на судиите и претседателите од четирите апелациони судови и Врховниот суд на Република Северна Македонија за хармонизирање на судската практика.

Истовремено, како дел од соработката помеѓу ЦПИА и Академијата, во 2022 година ќе се реализира циклус од обуки посветени на заштитата на животната средина, со акцент на кривичните дела против животната средина, како тема која оваа година се вброи меѓу најважните приоритети во Европската Унија.

- **Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје – одделот за владеење на правото**

Планираните активности во рамките на соработката помеѓу Академијата и Мисијата на ОБСЕ во Скопје, во текот на 2022 година ќе се реализираат преку настани посветени на повеќе теми од областа на правото.
Во согласност со планираните активности во 2022 година предвидено е:

- да се објави прирачник за работата на јавните обвинители, што ќе содржи интерпретација и образложение на правни термини и одредби од релевантни закони, детален опис на работата на обвинителите и обрасци за обвинтелен акт, тужби, одговори на тужби и друг вид обрасци што се поврзани со фазите на кривичната постапка;
- Мисијата на ОБСЕ во 2022 година ќе ја поддржи Академијата во организацијата на дводневна обука, што ќе се реализира со физичко присуство, а истата ќе се однесува на истрагите, и на гонењето случаи што се поврзани со компјутерскиот криминал. Покрај обвинителите оваа обука ќе ги опфати и судиите, како и полициските службеници од Министерството за внатрешни работи;
- Мисијата на ОБСЕ во соработка со Канцеларијата на УНХЦР во Северна Македонија ќе ја поддржи реализацијата на тридневна обука, со физичко присуство, наменета за судиите на Управниот и на Вишиот управен суд, а која ќе се однесува на нивната надлежност да постапуваат по предмети што се однесуваат на барателите на азил и на бегалците. Поконкретно, оваа соработка ќе опфати настани што ќе се фокусираат на практичата апликација на Законот за управната постапка, како област во која Мисијата е ангажирана повеќе години, сѐ со цел да обзбеди песперктиви за меѓународна заштита по основ на пол, верска припадност, раса и слично;
- Мисијата на ОБСЕ ќе ја поддржи процената на различностите и на родовата еднаквост на целокупната работата на АСЈО, што ги вклучува и нејзините внатрешни и надоврешни активности и структура. Процената ќе даде општи и конкретни препораки за постигнување различност и родова еднаквост на АСЈО, и како таква, може да даде позитивен придонес кон градењето на родово сензитивна АСЈО, што ќе резултира со поинклузивен и еднаков правосуден систем.

- Мисијата на ОБСЕ во 2022 година ќе го поддржи креирањето на повеќегодишна стратегија и на акциски план за натамошно јакнење на институционалните капацитети. Стратешкиот документ ќе се обиде да ги идентификува стратешките приоритети и цели, и ќе ги одреди чекорите што треба да се преземат за да ѝ се помогне на институцијата поефикасно да ја извршува својата работа и со тоа да обезбеди висококвалитетни обуки за слушателите во почетната обука, но и за постоечките судии и јавни обвинители. Неколку аспекти, како што се менаџментот и лидерството, финансиските и човечките ресурси, ќе бидат земени предвид при изготвувањето на овој стратешки документ;
- Мисијата на ОБСЕ  ќе го поддржи и развивањето на тренинг-модули на теми што се однесуваат на извршувањето на судските пресуди на Европскиот суд за човекови права. Овие тренинг-модули ќе бидат изработени врз основа на материјалите што беа развиени во 2021 година, а предвид ќе бидат земени курикулумите на АСЈО за равој на методологијата и за друг вид слични курикулуми;
- Во 2021 година, Мисијата на ОБСЕ го поддржа развојот и изработката на Коментарот на Законот за управната постапка. Во 2022 година, Мисијата ќе обезбеди печатење на овој значаен извор затоа што преставува прва практична алатка со која се елаборира Законот за управната постапка од 2020 година, која ќе служи како водич за судиите на Управниот и на Вишиот управен суд, на странките во управната постапка, на претставниците на други релеванти институции како и на други правни практичари кои сакаат да стекнат подлабоки знаења за правната процедура воведена со овој закон;
- Мисијата на ОБСЕ во соработка со АСЈО, во 2022 година предвидува да организира и обука за случаи на гонење на организиран криминал, со која ќе бидат опфатени јавните обвинители и полициските службеници. Предвидено е обуката да се организира во Скопје и на истата се очекува да присуствуваат 30 учесници.

- **УНХЦР**

Во рамките на долгогодишната соработка со Канцеларијата на УНХЦР во Скопје, во правец на јакнење на капацитетите на управното судство и на другите релевантни институции во Република Северна Македонија, за

правилно разбирање на правото за бегалците, на принципите на азилот и за потикнување на развојот на домашната управна и судска пракса со целосна усогласеност со владеачките меѓународни правни стандарди, продолжува со реализација на заеднички активности и во 2022 година со кои повторно ќе биде опфатено правото и праксата во заштитата на бегалците и други едукативни содржини гледани низ призма на моменталната глобална криза.

- **Амбасада на САД во Република Северна Македонија**

Амбасадата на САД и Програмата ОПДАТ се едни од клучните стратешки партнери на Академијата со кои во континуитет се реализираат низа едукативни настани што се од исклучително значење за развојот и за унапредувањето на вештините и на знаењата на судиите и јавните обвинители во Северна Македонија, но истовремено и за слушателите на програмата за почетна обука во Академијата. Во 2022 година оваа соработка ќе продоложи со зголемен интензитет, при што ќе се реализираат обуки со кои ќе бидат опфатени најактуелните правни теми што се поврзани со кривичната материја.

- **ИРЗ - германска фондација за меѓународна правна соработка**

ИРЗ и Академијата имаат воспоставено успешна соработка, и ги креира своите активности зависно од актуелностите во областа на правото и правдата, посебно во Европската Унија. Во 2022 година е предвидена реализција на едукативни настани, обуки и советувања што ќе бидат наменети за судиите и јавните обвинители, а кои дополнително ќе бидат дефинирани во согласност со идентифкуваните потреби. Во тој контекст, предвидена е студиска посета во Германија на релевантни судски институции заради добивање информации за судскиот систем и за практиките во земјата, наменети за професионалните вршители на должност и за практикантите од двете земји.

- **Амбасада на Кралството Холандија**

Во рамките на соработката со Амбасадата на Кралството Холандија во Северна Македонија и со Центарот за правосудна обука на Холандија, во 2022 година е предвидено да се реализираат повеќе активности што се насочени кон размената на искуства во однос на структурата и функционирањето на академиите, на менаџирањето и раководењето на истите, на човечките ресурси – предизивици и слабости, на ефикасните начини и позитивните решенија за надградување на програмите за почетна и континуирана обука, како и на реализацијата на посети на двете Академии. Исто така, во рамките на соработката со Амбасадата на Кралството Холандија, со Институтот за медијација на Холандија, со Комората на медијатори на Северна Македонија и со Институт за европска политика, започна реализацијата на еден навистина амбициозен проект „Медијација без дилема“, чија цел е поширока промоција на медијацијата како алтернативно решение за решавање на споровите заради побрза и поекономична постапка. И во 2022 година, во рамките на оваа соработка, како дел од активностите што се предвидени со овој Проект ќе се реализираат обуки посветени на медијацијата. Истовремено, како резултат на соработката помеѓу Центарот за правосудна обука на Холандија и Хелсиншкиот комитет на Холандија е предвидена реализација на активности што се поврзани со слободата на изразување, во кои ќе бидат вклучени и новинарите и другите медумски работници. Исто така, се предвидува и спроведување на проектот „Унапредување на АСЈО“, организиран од страна на Центарот за правосудна обука на Холандија, чиј цел ќе биде обучување на високопрофесионални, компетенти и независни судии и јавни обвинители, како и подобрување на организациското работење во Академијата, вклучувајќи ги менаџерските вештини и внатрешните механизми.

- **Амбасада на Република Франциј**

Во 2022 година, Академијата за судии и јавни обвинители на РСМ и Правосудната академија на Франција ЕНМ во рамките на соработката со Амбасадата на Република Франција во Северна Македонија ќе ја продолжат соработката. Имено во првиот кваратал на 2022 година, кандидат на ЕНМ ќе го реализира својот тринеделен стаж во Академијата за судии и јавни обвинители на РСМ, при што се предвидени низа средби и состаноци со претставници на правосудни и други релевантни институтции. Во 2022 година ќе се вложат напори за интензивирање на соработка, заради создавање

можности за реализација на заеднички активности што ќе бидат од интерес за двете Академии. Во тој контекст, е планирано да започнат и проектни активности што ќе се однесуваат на сајбер-криминалот, во рамки на што се предвидува да се одржат низа обуки фокусирани на онлајн злоупотребата на деца, на онлајн трговијата со дрога, оружје и сл., на онлајн ширење говор на омраза, на онлајн измами, перење пари, истраги, дигитални докази итн., а целна група на овие обуки ќе бидат судиите и јавните обвинители.

- **Амбасада на Шпанија**

Во 2022 година, Академијата ќе ја интензивира соработка со Амбасадата на Шпанија во Северна Македонија во насока на продлабочување на соработката со Центарот за правни студии во Мадрид и со Правосудната школа во Барселона. Предвидено е потпишување меморандум за соработка помеѓу Академијата и Амбасадата на Шпанија, во чии рамки ќе биде опфатена реализацијата на низа заеднички активности што ќе бидат од интерес за двете страни. Покрај размената на искуства и знаења помеѓу идните и постојните судии и јавни обвинители, предвидено е и размена на релевантни материјали, развој на методологии и курикулуми како и реализација на студиски посети.

- **ЕЈТН**

Европската мрежа за обуки во правосудството (ЕЈТН) е главна платформа и промотер за обука и за размена на знаења за европското судство. ЕЈТН ги претставува интересите на над 120.000 европски судии, обвинители и судски тренери ширум Европа. Соработката помеѓу Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ и Европската мрежа за судска обука (ЕЈТН) започна во 2007 година, кога Академијата се стекна со статус на набљудувач. Од тој момент до денес, Академијата е вклучена во сите активности и програми на ЕЈТН. Првите две години учеството на Академијата не предизвикуваше финансиски импликации, но потоа од страна на ЕЈТН беше одлучено дека на ваков начин може да партиципраат само земјите членки на ЕУ, па поради тоа Академијата партиципра во активностите на коишто ѝ е дозволен пристап. ЕЈТН развива стандарди за обука и наставни програми, ги координира разменувањата на програмите за обука на судството,

дистрибуира експертиза за обуки и промовира соработка помеѓу институциите за обука на судството на ЕУ. Во 2022 година, Академијата во соработка со EJTH, го објави каталогот на обуки за судиите и јавните обвинители на својата веб-страница и како што ќе се отвораат можностите за пријавување од страна на EJTH, така Академијата ќе го врши процесот на аплицирање за сите коишто ќе пројават интерес. Со промената на состојбата што настана како резултат на светската здравствена криза предизвикана од вирусот Ковид-19 и со постепеното олабавување на мерките за заштита и превенција од вирусот, дел од предвидените активности што се во организација на EJTH ќе се одвиваат со физичко присуство. Истовремено, во 2022 година е предвидена реализација на студиски посети на Европскиот суд за човекови права на кои ќе можат да се пријават сите заинтересирани судии и јавни обвинители од Северна Македонија.

- **Програма JUSTICE**

Од страна на Министерстовот за правда на РСМ, до Европската комисија беше поведена постапка преку писмо на намери, за учество во програмата JUSTICE (2021-2027), за што е добиен одговор од страна на Европската комисија, во согласност со кој се очекува во текот на следниов период да отпочнат преговорите за потпишување на меморандум за соработка. Врз основа на тој меморандум, нашата држава би влегла во посебна програма во која 90 проценти од трошоците ќе се финансираат од страна на ЕУ, а нашата држава ќе учествува само со 10 проценти. Програмата се однесува на едукација на судии, јавни обвинители и останати професионалци, пред сѐ со акцент на европското право, како и на други правни прашања.

Исто така, воспоставена е комуникација со EJTH и ЕРА, во врска со нивниот заеднички предлог-проект до Европската комисија во рамките на JUSTICE програмата, кој се однесува ексклузивно на едукација на судски службеници, со тоа што, доколку истиот се прифати, Академијата ќе има можност да идентификува 6 стручни соработници коишто ке добијат специјална едукација на тема „Меѓународна правна соработка во кривична и граѓанска област“ и дополнително уште 10, коишто ќе посетуваат посебни курсеви за учење на терминологијата поврзана со граѓанска и кривична

област, повторно за меѓународната соработка и за правната соработка за предмети.

Учеството во програмата JUSTICE, е од особена важност за македонското правосудство во контекст на нашите стремежи за влез во ЕУ. Во таа смисла, доколку се потпише меморандумот за соработка со ЕК, Академијата ќе се стреми кон целосно искористување на потенцијалот што го нуди истата, во насока на спроведување на сите активности како за почетната, така и за континуираната обука, и кон размена на искуства со земјите од ЕУ.

- **Совет за регионална соработка (RCC)**

Академијата и во 2022 година ќе ја продоложи соработка со Советот за регионална соработка (RCC). Предвидено е учество на сите состаноци и настани што се организираат во рамките на оваа соработка, а на кои се разгледува поврзаноста на правосудните академии во Европа, владеењето на правото, содржините на програмите, развојните фази на истите, и ќе се разгледуваат идните можности за усовршување на методологиите со што директно ќе се влијае на унапредувањето на вештините и знаењата на правните практичари.

Во фокусот на оваа соработка покрај вмрежувањето на поголем број правосудни институции ќе се најде и дигитализацијата на судството како еден од врвните приоритети на Европската Унија.

- **Турска агенција за координација и соработка во Република Северна Македонија– ТИКА и Правосудната академија на Република Турција**

Во рамките на долгогодишната успешна соработка со ТИКА и со Правосудната академија на Република Турција, во текот на 2022 година се предвидени низа активности што ќе се реализират како резултат на потпишаниот меморандум за соработка помеѓу Академијата за судии и јавни обвинители на РСМ и Правосудната академија на Турција, кој беше потпишан на 24 декември 2021 година.

Имено, во согласност со текстот на овој меморандум, ќе се реализираат: заеднички симпозиуми, конференции, работилници, обуки, истражувања и семинари, практикантска работа што ќе вклучува студиски посети на релевантни судски институции заради добивање информации за судскиот систем и за практиките во земјата на учесникот домаќин, а што се наменети за професионалните вршители на должност и за практикантите од двете земји.

Воедно, е предвидена и размена и развој на програми за судска обука, како и на истражувања и наставни материјали, размена на специјалисти и кадар за обука во контекст на судската обука, размена на искуства во организацијата и спроведување на едукативниот процес, заеднички развој на наставни и студиски програми за релевантни дисциплини и курсеви за обука, размена на документи, писма, научни публикации и други средства што можат да го подобрат знаењето на судиите и обвинителите во двете земји и да ги збогатат библиотеките и е-библиотеките, потоа преглед на едукативни, методолошки и практични прирачници, објавување резултати и статии од истражувањата спроведени во рамките на заеднички програми и активности на веб-страниците на двете Академии.

- **AIRE-центар Лондон**

Во рамките на соработката со AIRE-центарот од Лондон со поддршка од Владата на Обединетото Кралство, Академијата ќе земе учество на првиот Форум за родова еднаквост на Западен Балкан. Форумот ќе биде фокусиран на клучните принципи што произлегуваат од јуриспруденцијата на Судот во Стразбур за родовата еднаквост низ клучни теми, како што се: родовото насилство, родовите стереотипи во судството и дискриминацијата врз основа на пол во контекст на вработувањето, на јавниот, приватниот и на семејниот живот. Покрај ова, во текот на 2022 година е предвидена поблиска соработка со AIRE-центарот од Лондон во врска со темите за родова еднаквост, а во рамките на континуираната и почетната обука во Академијата.

- **AIRE-центар Лондон и Регионалната иницијатива за антикорупција РАИ**

Во рамките на соработката со AIRE-центарот од Лондон и со Регионалната иницијатива за антикорупција РАИ и Владата на Велика Британија, во текот на 2022 година Академијата ќе биде вклучена во реализацијата на тригодишниот проект „Борба против корупцијата и организираниот криминал во Западен Балкан преку јакнење на регионалната соработка за конфискација“. Овој проект претставува продолжување на проектот на АИРЕ и РАИ: „Јакнење на антикорупцијата во Југоисточна европа преку унапредување на мерките за одземен имот“ , чија реализација беше во период од 2018 до 2020 година.

- **ABA ROLI- Американска адвокатска комора**

Во рамките на долгогодишната соработка со Американската адвокатска комора (ABA ROLI), се одржа и работен состанок со претставниците на ABA ROLI на којшто се презентираше Водичот во пет чекори на ABA ROLI, заради идентификување на потребите на поединечни институции во однос на финансиските истраги, на одредувањето на потенцијални партнери за развивање и реализирање обуки за финансиски истраги, како и разгледување на можностите за вклучување на други партнери и донатори со кои би се организирале заеднички обуки од областа на финансиските истраги. Во тој контекст е планирано претставниците на ABA ROLI да спроведат серија обуки наменети за истражителите на финансиски криминал (МВР, Државен завод за ревизија, Државната комисија за спречување на корупцијата, Финансиската полиција, Царинската управа) и јавните обвинители во насока на унапредување на нивните вештини во однос на водењето на овој вид истраги, обезбедувањето на соодветни извори и употребата на низата разузнавачки капацитети во спроведувањето на финансиските истраги, а притоа ABA ROLI може да смета на поддршката на Академијата како нејзин иден партнер, во насока на реализација на обуки што ќе бидат од значење и интерес за унапредувањето на правосудниот систем во Северна Македонија.

## 7. Информатички технологии (IT)

Состојбата со светската здравствена пандемија во фокусот на сите деловни субјетки ги стави унапредувањето и управувањето со компјутерските системи меѓу најзначјаните предуслови за нивно нормално функционирање и за извршување на професионалните ангажмани. Во таа смисла, во 2022 година приоритет во однос на информатичките технологии ќе биде надградбата на постојниот систем за управување со содржини (CMS) со два нови модула:

1. Судска база на податоци на Европскиот суд за човекови права на македонски јазик; и
2. Библиотека за вкрстено поврзување на статии од националното законодавство.

За таа цел, се предвидува пренос и интегрирање на старите податоци од постојниот CMS на нов, и развивање на модулот за базата на податоци на судската пракса на Европскиот суд за човекови права на македонски јазик (развој на модул за вкрстено поврзување на написи од националното законодавство). Базата на податоци на судска пракса на Европски суд за човекови права на македонски јазик треба да содржи список со најновите пресуди од Европски суд за човекови права, кој ќе може да се пребарува и ќе има опција за филтрирање на резултатите од пребарувањето. За секоја пресуда ќе има опција за преземање во PDF-формат, преведена на македонски јазик, и линк до пресудата за веб-страница на Европскиот суд за човекови права. Модулот за вкрстено поврзување на статии од националното законодавство со написи и со стандарди на меѓународни инструменти за човекови права (е-библиотека), ќе содржи список на написи од системот за заштита на човековите права преку Европскиот суд за човекови права и од системот за заштита на човековите права во рамките на Обединетите нации (внесен од страна на вработените во Академијата за судии и јавни обвинители).

## 8. Одржување и редовно ажурирање на веб-страницата

Академијата како модерна и професионална институција посветува посебно внимание на транспарентното работење и за таа цел, ќе продолжи редовно да ја одржува редизајнираната веб-страница преку која се влегува во новиот веб-портал на Академијата. Корисничкиот интерфејс им овозможува побрз и полесен пристап до содржината на веб-страницата на сите заинтересирани граѓани, но истовремено нуди и објавување поголем број информации. За таа цел, Академијата во контуинутет вложува напори кон усовршување на дизајнот на веб-страницата, чијшто изглед и структура е модерен и софистициран и претставува медиумски простор за афирмација на Академијата и на нејзината суштина.

Веб-страницата и понатаму ќе ја врши улогата на медиум за објавување на сите позначајни активности на Академијата, но и медиум за пристап на сите заинтересирани во е-системот, е-учењето и е-библиотеката. Исто така, со интегрирање на базата на податоци од библиотеката, веб-страницата овозможува пристап до многубројни материјали во електронска форма, како и влез до онлајн ресурси на други институции.

Веб-страницата вклучува и линкови до веб-страниците на домашните и на странските институции со кои соработува Академијата, и чијашто дејност и практика се поврзани со правосудната област. За зачувување на современиот изглед на содржината на веб-страницата, ќе биде неопходно нејзино натамошно секојдневно одржување и во текот на 2022 година, и навремено објавување на сите тековни и идни настани, како и на важечките домашни и меѓународни прописи.

## 9. Библиотека

Академијата води постојана грижа за збогатување на библиотечниот фонд со домашна и странска правна литература и со стручни списанија, како и за набавка на законски текстови во согласност со тековните измени, а особено за развивање на богата референтна литература за одделните модули со референтните директиви и регулативи на ЕУ, со пресудите на Судот на правдата во Луксембург и на Европскиот суд за човекови права, и со референтните документи на Советот на Европа и на Обединетите нации.

Во насока на поголема транспарентност и поширок пристап на стручната јавност до што поголем број информации од областа на правото и пристап до правните системи на земјите од Европа и светот, библиотеката на Академијата, на својата веб-страница ќе продолжи со континуирано објавување стручна литература, списанија и ќе воведе претплата на релевантни бази на литература.

Исто така, Академијата и понатаму ќе се залага за обезбедување просторни капацитети заради нејзино поефикасно функционирање, и за обезбедување соодветна просторија која со својата целокупна површина ќе биде трансформирана во библиотека, со простор за читална, за да се задоволат барањата на крајните корисници на библиотечниот фонд на Академијата.

Во рамките на соработката со Советот на Европа, Академијата креираше единствен унифициран систем, т.е. е-библиотека, којшто овозможува пребарување на пресуди од базата на библиотеката, а каде што ќе се вклучат и  правосилни пресуди од сите судови, и истовремено ќе се приклучат и пресудите од Уставен суд, како и мислењата на Врховниот суд. Е-библиотеката ќе содржи и публикации што се резултат на соработката на Академијата со своите странски партнери, потоа билтени, како и релеванти документи од интерес за правните практичари, како што се мислењата и заклучоците што произлегуваат од работните средби на апелационите судови заради усогласување на судската пракса во нашата земја. Меѓу другото, предвидено е е-библиотеката да содржи и список  на написи од системот за заштита на човековите права преку Европскиот суд за човекови права и од системот за заштита на човековите права во рамките на Обединетите нации(внесен од страна на вработените од Академијата за судии и јавни обвинители).

## 10. Буџет и инвестиции

Што се однесува до буџетот и инвестициите, една од приоритетните инвестициски активности на Академијата е да се обезбеди адекватен деловен простор што ќе ги задоволува потребите за непречено и ефикасно

реализирање на програмите за обука, како на почетната така и на континуираната обука. И во наредниот период, Академијата ќе ги извршува своите финансиски и буџетски активности во согласност со законските прописи од оваа област, притоа целосно почитувајќи ги насоките што се дадени од Судскиот буџетски совет во поглед на реалното планирање на потребните средства, како и за ефикасно менаџирање со одобрените финансиски средства.

На Академијата за судии и јавни обвинители, за 2022 година и е одобрен буџет во износ од 131.793.000,00 денари. Во споредба со 2021 година, одобрениот буџет е поголем за 45,9 %. Со овие одобрени средства во 2022 година, Академијата има обврска да ги намири обврските што се пренесени од 2021 година, и да ги реализира активностите што ќе се преземат во тековната година.

Академија за судии и јавни обвинители
„Павел Шатев“ - Скопје
Претседател на Управен одбор,

д-р Лазар Нанев